From:

Date: 06/05/2022 13:46

To: <elena.nikolovska@kultura.gov.mk>, <ana.kardula@kultura.gov.mk>

Cc:

- Reply
- Reply All
- Forward
- Flag
- Delete

06-05-2022
03/
Елена

Почитувани,

Работиме на тема во врска со наводите од Извештајот на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за Култура, каде има утврдени низа неправилности во работата на директорот на Ансамблот на албански народни ора и песни, Шкодран Толај.

Во интерес на информирање на јавноста, ни требаат информации за следните прашања:

- Зошто извештајот и документите од Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за Култура, не се објавени во веб страната на министерството?

- Дали Министерството за Култура има добиено финансиски извештаи од горенаведениот Ансамбал за рабитата во 2020 год, за 2021 год?

- Во интерес на јавноста е да знае како се потрошени парите на Ансамблот, и бараме да ни ги достабите финансистике извештаи за работата во 2020 и 2021 година, за сите програми и проjекти предвидени во овие две години?

- Во интерес на јавноста е да се знае и каква образовна квалификација има директорот Шкодран Толај, и ги исполнува условите за да ја врши функцијата Директор на Ансамблот на албански народни ора и песни РСМ. Ве молиме да ни одговорите и да ни ги испратите документите кои докажуват дека ги исполува условите (университетска диплома и други титули)?

- Да ни го испратите статутот на Државниот Ансамбал за Албански народни ора и песни ?

Ви благодариме

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë se Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: / Pranuar: | 06 05 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| Упл 03- | 91 | | |

Доставено:
Рок за чување: ___ год.
___ 20___ год.
Потпис

21.06.2022
Примено

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-91
20.06 2022 год.

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од , УП1 бр. 03-91 од 06.05.2022 година, заменикот министер за култура, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од , УП1 бр. 03-91 од 06.05.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура СЕ ПРИФАЌА.

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бара следната информација:

„Во интерес на информирање на јавноста, ни требаат информации за следните прашања:

- Зошто извештајот и документите од Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за Култура, не се објавени во веб страната на министерството?

- Дали Министерството за Култура има добиено финансиски извештаи од горенаведениот Ансамбал за работата во 2020 год, за 2021 год?

- Во интерес на јавноста е да знае како се потрошени парите на Ансамблот, и бараме да ни ги достабите финансистике извештаи за работата во 2020 и 2021 година, за сите програми и проекти предвидени во овие две години?

- Во интерес на јавноста е да се знае и каква образовна квалификација има директорот Шкодран Толај, и дали ги исполнува условите за да ја врши функцијата Директор на Ансамблот на албански народни ора и песни во РСМ. Ве молиме да ни

одговорите и да ни ги испратите документите кои докажуват дека ги исполува условите (универзитетска диплома и други титули)?

- Да ни го испратите статутот на Државниот Ансамбал за Албански народни ора и песни ?"

Барателот на информацијата не навел во која форма и на каков начин е потребно да се достават побараните документи.

Министерството за култура го доставува следниот одговор:

**- Зошто извештајот и документите од Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за Култура, не се објавени во веб страната на министерството?**

Секторот за управен и инспекциски надзор на МК (со вкупно 5 инспектори и еден вработен, на работно место – самостоен референт за техничка обработка на документација), по започнувањето на примена на новиот Закон за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019, објавен на 22.05.2019 г.), односно 6 месеци од денот на влегувањето во сила на новиот Закон, започна со објавувањето на сите инспекциски акти на веб-страницата на Министерството за култура (записници и решенија), во согласност со прописите **за заштита на личните податоци, а што бара соодветна компјутерска обработка на актите**, односно бришење на *личните податоци,* чие откривање би значело повреда на заштита на личните податоци и поради што актите се објавуваат ***во деперсонализирана форма.***

Напоменуваме, дека обработка на актите се врши со користење на онлајн програмата (online pdf editor) од веб - страната https://www.sejda.com/pdf-editor, чие користење е бесплатно, **но истото е временски ограничено**, односно на секои 3 скенирани инспекциски акти потребно е да се чека (50 минути), за повторно скенирање и воедно бришење на податоци.

Видно од официјалната страна на МК, е дека се објавени преку 50 записници и решенија, при што покрај актите од 2020 година, **хронолошки** е започнато и со објавување на актите од 2021 година, со напомена дека за дел се во тек прекршочни постапки (исклучок за пристап по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер).

**- Дали Министерството за Култура има добиено финансиски извештаи од горенаведениот Ансамбал за рабитата во 2020 год, за 2021 год?**

Министерството за култура има добиено Наративен извештај на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје за 2020 година, заведен во Министерството за култура со бр. 20-3453/1 од 02.04.2021 година и Финансиски и наративен извештај на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје за 2021 година, заведен во Министерството за култура со бр. 21-4758/1 од 28.03.2022 година.

**- Во интерес на јавноста е да знае како се потрошени парите на Ансамблот, и бараме да ни ги достабите финансистике извештаи за работата во 2020 и 2021 година, за сите програми и пројекти предвидени во овие две години?**

Министерството за култура во прилог на ова Решение ги доставува во фото-копија сите извештаи за проекти од областа на фолклорот во 2022 и 2021 година на Националната установа Ансамбл за албански народни ора и песни.

**- Во интерес на јавноста е да се знае и каква образовна квалификација има директорот Шкодран Толај, и дали ги исполнува условите за да ја врши функцијата Директор на Ансамблот на албански народни ора и песни во РСМ. Ве молиме да ни одговорите и да ни ги испратите документите кои докажуват дека ги исполува условите (универзитетска диплома и други титули)?**

Министерството за култура во прилог на ова Решение доставува фото-копија од Извештај на Комисија за селекција на кандидати за избор на директор на Националната установа Ансамбл за албански народни ора и песни во Република Северна Македонија бр. 44-12344/2 од 13.11.2019 година, фото-копија од Диплома за завршен прв циклус на студии бр.07-73 од 22.06.2017 година и фото-копија од Диплома за завршен втор циклус на студии бр.08-189 од 18.11.2018 година.

**- Да ни го испратите статутот на Државниот Ансамбал за Албански народни ора и песни ?"**

Министерството за култура во прилог на ова Решение доставува фото-копија од: Статут на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје од 11.06.2018 година, Решение за давање согласност на Статут на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје бр. 52-6578/4 од 18.06.2018 година, Одлука за измена на Статут на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје од 11.06.2018 година, Решение за давање согласност на Одлука за измена на Статут на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје бр. 52-10249/1 од 06.09.2018 година, Одлука за изменување и дополнување на Статут на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје од 13.08.2019 година, Решение за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статут на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје бр. 53-3157/2 од 15.03.2019 година, Одлука за изменување и дополнување на Статут на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје од 02.06.2021 година, Решение за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статут на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје бр. 53-7732/4 од 07.07.2021 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под УП1 бр. 03-91 од 06.05.2022 година, со кое ја побарала следната информација:

„Во интерес на информирање на јавноста, ни требаат информации за следните прашања:

- Зошто извештајот и документите од  Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за Култура, не се објавени во веб страната на министерството?

- Дали Министерството за Култура има добиено финансиски извештаи од горенаведениот Ансамбал за рабитата во 2020 год, за 2021 год?

- Во интерес на јавноста е да знае како се потрошени парите на Ансамблот, и бараме да ни ги достабите финансистике извештаи за работата во 2020 и 2021 година, за сите програми и пројекти предвидени во овие две години?

- Во интерес на јавноста е да се знае и каква образовна квалификација има директорот Шкодран Толај, и дали ги исполнува условите за да ја врши функцијата Директор на Ансамблот на албански народни ора и песни во РСМ. Ве молиме да ни одговорите и да ни ги испратите документите кои докажуват дека ги исполува условите (универзитетска диплома и други титули)?

- Да ни го испратите статутот на Државниот Ансамбал за Албански народни ора и песни ?"

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како во диспозитивот на ова Решение и на Барателот на информацијата му ја даде бараната информација содржана во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-91.

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
Daim Luçi

Подготвила: Елена Николовска, службено лице